*ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
*DHOMA E VETERINERËVE TË MAQEDONISË SE VERUIT*
*VETERINARY CHAMBER OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA*
**ул.16 Македонска Бригада бр. 2-3 Скопје, тел. 02 60 92592**
**ul.16 Makedonska Brigada br.2-3 Skopje, tel. +389 02 60 92592**

Врз основа на член 22 став 3 и член 29 од Статутот на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија, Собранието на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија на седница одржана на 31.03.2023 година, го усвои следниот:

# ПРАВИЛНИК

## за проверка на стручните знаења на докторите по ветеринарна медицина за обновување на лиценцата за работа

**(Пречистен текст)[1]**

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начин за проверката на стручните знаења на докторите по ветеринарна медицина на кои им е престаната важноста на лиценцата за работа, програмата за проверка на стручните знаења како и составот на испитната комисија.

член 1-а

Проверката на стручните знаења на докторите по ветеринарна медицина за обновување на лиценцата за работа, се спроведува на членови на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија кои:

- немаат стекнато соодветен број на бодови од континуирана едукација и
- имаат прекин во континуитетот на траењето на лиценцата за работа.

Член 2

Проверката на стручните знаења ја спроведува испитната комисија формирана од Стручниот одбор на Комората преку спроведување на испит.

Член 3

Испитната комисија за проверка на стручните знаења се состои од три членови, од кои два членови од редот на ветеринари-практичари и еден член од редот на високо-образовните институции.

Предност во членување на испитната комисија ќе имаат ветеринари-практичари кои се носители на стручни или научни звања.

Член 4

[1] Пречистениот текст на Правилникот за проверка на стручните знаења на докторите по ветеринарна медицина за обновување на лиценцата за работа, го опфаќа: основниот текст на Правилникот со бр.02-109/08 од 13.06.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за проверка на стручните знаења на докторите по ветеринарна медицина за обновување на лиценцата за работа со бр.02-89/12 од 31.03.2023 година.

Со одлуката за формирање на испитните комисии се именуваат претседателот и членовите, се регулира начинот на вршење на административно – техничките работи во врска со организирањето и полагањето на испитот, како и другите прашања од важност за работата на испитните комисии.

Испитната комисија има и записничар од редот на стручно - административната служба на Комората.

Член 5

Висината на надоместокот за спроведување на испитот за проверка на стручните знаења го утврдува Извршниот одбор на ВКМ.

## II. Програма за проверка на стручните знаења

Член 6

За обновување на лиценца за работа докторите по ветеринарна медицина треба да го положат предвидениот испит според програмата.

### Програма за познавања на базични и клинички науки

Од базичните и клиничките науки кандидатот треба да ги познава основните биолошки принципи и механизми кои се основа на здравјето на животните, болестите и терапијата, од молекуларно и клеточно ниво до ниво на орган, на цело животно и на животинската популација. Ова вклучува разбирање на биолошката основа на нормалната структура и функција, механизмите кои раководат со хомеостазата, патофизиологијата на органските системи и биолошките и фармаколошките механизми базирани врз докази, по пат на кои пореметените состојби можат да се вратат во нормала.

Програмата ја опфаќа биологијата на агенсите кои предизвикуваат и пренесуваат болести од животно на животно и од животно на човек, механизмите на пренос и механизмите по пат на кои животните се бранат против инфективните агенси и како тие механизми може да бидат индуцирани.

### Прашања од областа на базичните и клинички науки вклучуваат познавање за:

- Функционална морфологија( клиничка анатомија, физиологија)
- Патологија (вклучувајќи патолошка анатомија)
- Клиничка (интерна) медицина и хирургија (пропедевтика, терапија анаестезиологија)
- Инфрктивни/инвазивни болести (вклучувајќи превентивна медицина)
- Радиологија (визуелна дијагностика)
- Породилство, репродукција и репродуктивни пореметувања

### Програма за познавање на областа анимално производство

Областа анималното производство ги опфаќа знаењата за размножување, одгледување и отстранување на животните за производство на храна и нивните продукти по пат на продажба, колење за храна или како отпад. Програмата ги покрива главните видови животни за производство на храна (говеда, овци и/или кози, свињи, живина и еквиди).

Познавањето на стандардите за благосостојба на животните, познавање на менаџментот на безбедно ракување, одгледувањето и држењето на фарма до колењето. Стандардите за превентивна ветеринарна медицина (т.е. здравје на стадо) и менаџмент на заразните болести, менаџмент на репродукцијата, држењето на животните и нутритивните режими.

**Прашањата од областа на анимално производство вклучуваат познавања за:**

- Анимално производство (на домашните видови животни за производство на храна во општеството и стопанството)
- Исхрана на животните (исхрана и хранење на видовите за производство на храна)
- Сточарство (сместување, системи за менаџмент и за менаџмент на репродукцијата, вклучувајќи ги техники на репродукција т.е. вештачко осеменување, мултипна овулација и ембрио-трансфер)
- Ветеринарна хигиена (поставеност на фармата, дренирање, чистење дезинфекција и биолошка безбедност)
- Анимална етологија и заштита (благосостојба, социјална организација во животинските популации, вклучувајќи пореметувања во однесувањето и ниво лечење)

**Програма за познавања на областа ветеринарна хигиена на храна/Јавно здравство**

Програмата за стручно знаење од областа на хигиена на храната ги содржи основните на ветеринарното јавно здравство, науката за храна и модерната прехранбена биотехнологија, научните основи на односот помеѓу храната и здравјето на човекот; и факторите кои се основа на квалитетот и хигиената (на храната и околината).

Тоа вклучува и познавање на законите, регулативите и административните одредби поврзани со производството на храна од анимално потекло.

**Прашањата од областа на хигиена на храна/јавно здравство вклучуваат познавања за:**

- Инспекција и контрола на животинска храна и животинска храна од анимално потекло и на единиците за производство на оваа храна
- Хигиена на храна и технологија
- Наука за храна вклучувајќи легислатива
- Практична работа (вклучувајќи практична работа на места каде што се изведува колење и производство на храна)

**Програма за познавање на областа професионални знаења**

Програмата за познавање на професионални знаења ги вклучува системите за менаџирање со квалитетот, идентификација на процесите за менаџирање и нивната апликација и употреба во ветеринарните друштва.

**Прашањата од областа на професионални знаења вклучуваат познавања за:**

- Менаџмент во ветеринарната практика
- Професионална етика
- Ветеринарна сертификација и пишување извештаи
- Ветеринарна легислатива
- Можности за планирање на кариерата
- Ветеринарната комора

## III. Проверка на стручните знења и способности на докторите по ветеринарна медицина на кои времено им е одземена лиценцата за работа

Член 7

Докторот по ветеринарна медицина (во натамошниот текст кандидатот) на кој му е времено одземена лиценцата за работа може повторно да се стекне со лиценца за работа доколку успешно ја положи проверката на стручните знаења пред комисија од член 2 на овој Правилник.

Член 8

Кандидатот на кој му е времено одземена лиценцата и има освоено помалку од 30 бода, нема право да го полага испитот за проверка на стручни знења се до исполнување на 30 бода од континуирана едукација.

Член 9

Кандидатот поднесува писмено барање за полагање на испит за проверка на стручните знаења до Стручниот одбор, со наведување на основот за полагање.

Образецот на барањето од ставот 1 на овој член е составен дел на овој правилник (Образец бр. 1).

Член 10

Стручниот одбор го одобрува полагањето на испитот за проверка на стручните знаења.

Известувањето за одобрување за полагање испит и терминот за полагањето се доставува до кандидатот најмалку 15 дена пред денот определен за полагање на испитот.

Испитот се спроведува во просториите на ВКМ.

Член 11

На барање на кандидатот испитот може да се одложи поради оправдани причини (болест, породилно отсуство и повик од надлежни органи), докажано со писмено известување.

Член 12

Испитот се спроведува преку писмен и усмен начин. Испитната комисија претходно ги подготвува испитните прашања врз основа на предвидената програма како и потребите за континуираната едукација на кандидатот.

Врз основа на писменото барање, а согласно податоците од членот 9, кандидатот се класифицира во:

- Кандидат кај кој недостасува до 20 бода за обнова на лиценцата;
- Кандидат кај кој недостасува од 21 до 50 бода за обнова на лиценцата;
- Кандидат кај кој недостасува од 51 до 70 бода за обнова на лиценцата.

Во зависност од времетраењето на прекинот во континуитетот на траењето на лиценцата за работа, кандидатот се класифицира во:

- Кандидат кој има прекин во континуитетот на траењето на лиценцата за работа, до 1 година;
- Кандидат кој има прекин во континуитетот на траењето на лиценцата за работа, од 1 до 3 години;
- Кандидат кој има прекин во континуитетот на траењето на лиценцата за работа, над 3 години.

Обемот на испитот, бројот на испитни прашања ќе биде одреден според категоријата во која кандидатот е класифициран.

Член 13

За текот на испитот за проверка на знаењата се води записник, кој го потпишуваат испитувачите, кои можат да поднесат издвоени коментари.

Член 14

Испитот се смета за положен доколку испитната комисија оценила дека кандидатот точно одговорил на повеќе од 50% од дадените прашања.

Член 15

Кандидатот кој не ја поминал проверката на стручните знаења може повторно да го полага испитот во рок не порано од 1 месец.

Член 16

На кандидатот кој го положил испитот за проверка на стручни знаења му се издава уверение за положен испит.

Уверението за положен стручен испит го потпишува претседателот на испитната комисија и претседателот на Стручниот одбор.

Член 17

Комората води евиденција за полагањето и резултатите од испитите за проверка на стручни знаења и за издадените уверенија.

Комплетната документација поврзана со испитот/ите на кандидатот се чува во личното досие на кандидатот во наредниот лиценцен период.

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 18

Овој Правилник влегува во сила од денот на усвојување на Собранието на Комората. Правилникот се објавува на веб-страната на ВКМ.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА РСМ**

31.03.2023 година,
Скопје

д-р Жарко Михајлоски

Образец бр.1

(Место за меморандум)

**Б А Р А Њ Е**

**за полагање на испит за проверка на стручните знаења**

**Од** ______________________________________________________________________

**Адреса**____________________________________**бр.**________**место**____________

**Вработен/а во** _______________________________________________________

**Област:** мала/комбинирана/голема пракса/веледрогерија/________________
*(заокружете ја областа на која работите)*

**Телефон** ________________________ **Е-пошта:**____________________________

До Стручниот одбор на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија се пријавувам за полагање на испит во месец ____________ година ____________ .

**Испитот го полагам за обнова на лиценца за работа поради:**
*(заокружете ја причината за полагање на стручниот испит)*
**а) недоволен број на реализирани бодови од континуирана едукација.**
**б) прекин во континуитетот на траењето на лиценцата за работа.**

Потребни документи:

**а) Поради недоволен број на реализирани бодови од континуирана едукација, кон барањето доставувам и:**

- Доказ за број на бодови стекнати во претходен лиценцен период
- Уплатница (потребно да се пополни)
  назив на примачот: Ветеринарна комора на Република Северна Македонија
  банка на примачот: Стопанска банка АД Скопје
  цел на дознака: за полагање на стручен испит
  жиро сметка: 200000003533314
  износ: _____________ денари[2]

**б) Поради прекин во континуитетот на траењето на лиценцата за работа, кон барањето доставувам и:**

- Уплатница (потребно да се пополни)
  назив на примачот: Ветеринарна комора на Република Северна Македонија
  банка на примачот: Стопанска банка АД Скопје
  цел на дознака: за полагање на стручен испит
  жиро сметка: 200000003533314
  износ: _____________ денари[3]

Датум                                                                                    Барател

_____________________                                                    _____________________

[2] Во зависност во која категорија е класифициран кандидатот според недостатокот на бодови

[3] Во зависност во која категорија е класифициран кандидатот според времетраењето на прекинот во континуитетот на траењето на лиценцата за работа